<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="4">Предметна програма од прв циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Политички теории</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">50700</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Политички студии (на македонски јазик)</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факултет „Јустинијан Први“</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Прв циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година /семестар</td><td>Прва година / прв семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС-кредити</td><td>7,5</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Ненад Марковиќ<br>Проф. д-р Иван Дамјановски</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">нема</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):<br>Предметот политички теории ги запознава студентите со основите, теоретските постулати и најважните автори од историјата на политичката мисла. Целта на предметот е студентите да се запознаат со основните концепти во развитокот на политичките теории, преку најважните филозофски пресвртници кои го одбележуваат развојот на политичките идеи од времето на древните цивилизации па се до деветнаесеттиот век.<br>Главните цели на предметот се:<br>• Да им овозможи на студентите да ги разберат фундаменталните концепти во развојот на политичката теорија кои придонеле за еволуцијата на политичките идеи од античкиот период се до 19тиот век.<br>• Да развијат концепција за примарните елементи на „политиката“ и „политичкото“ преку хронолошко запознавање со развојот на политичката мисла од класичниот период до модерната.<br>• Да развијат вештини за критичко читање и базична евалуација на теоретски модели<br>Специфични цели на предметот се:<br>• Студентите да ги разберат основните теоретски и методолошки концепти при проучувањето на развојот на политичкатамисла.<br>• Студентите да ги разберат основните политички теории од времето на древните цивилизации па се до деветнаесеттиот век.<br>• По завршените предавања, студентите да бидат способни да ги разликуваат главните епохи во развојот на политичката мисла, со адекватно хронолошко подредување.<br>• Студентите да бидат запознаени со канонските дела и политички теории на авторите изучувани во текот на времетраењето на предметот.<br>• Слушателите да можат изучуваните политички теории и концепти да ги препознаат во пракса и да го препознааат нивниот извор.<br>• Студентите да се оспособат критички да ја евалуираат важноста на политичките концепти кои се предмет на расправа на предметот<br>• Студентите да развијат критичко мислење и разбирање на литературата преку нивна активна партиципација на предавањата<br>• Студентите да развијат комуникациски и меѓувечки вештини преку учество во поединечни и групни проектни задачи/презентации</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>Поделен на повеќе методолошки единици, воведниот дел на предметот се сосредоточува на теоретските расправи за проучувањето на политиката, методите и начините на нејзиното проучување, основните интепретации и категории итн. Во првиот дел се обработува историјата и развојот на античката политичка мисла. Започнувајќи со древните цивилизации на блискиот и далечниот исток (Египет, Месопотамија, Индија, Кина, Израел) предметот стигнува и до извориштето на модерната политичка мисла – античка Грција, со своите најпознати политички филозофи од Сократ до Епикур. Овој дел завршува со рекапитулација на политичката мисла во Римската империја.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Во вториот дел предметот се фокусира на развојот на нововековната и модерната политичка мисла. Започнувајќи со христијанскиот период, реформацијата, ренесансните автори па преку теоретичарите на социјал-утопизмот и општественоит договор предметот своите разгледи ги завршува со политичките концепти на Хегел и Маркс.<br>Тематски целини:<br>• Политичките теории како наставна дисциплина, предмет и метод<br>• Политичката мисла на првите цивилизации (Месопотамија, Египет, Индија и Кина)<br>• Политичката мисла во античка Грција<br>• Политичката мисла во антички Рим<br>• Политичкиот мотив во христијанскиот свети средновековната политичка мисла<br>• Арапска и исламска политичка мисла<br>• Правци и струења во политичката теорија на новото време - човекот и светот во филозофијата на ренесансата<br>• Политичката мисла во времето на реформацијата и верските војни<br>• Политичкиот реализам во XVII век<br>• Политичката мисла во ерата на просветителството во XVIII век<br>• Политичката теорија во XIX век и германската филозофска традиција |
| 12. | Методи на учење:<br>Наставата ќе се одвива солгасно предвидениот ЕКТС распоред. Предавањата се состојат од интерактивна настава која опфаќа активно учество на студентите преку дискусии, поставување прашања и коментари во врска со предавањата и подготовка на индивидуални презентации. Во рамките на предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: визуелни презентации, групни и поединечни презентации како и дискусии. Од студентите се очекува да развијат презентерски и истражувачки вештини, но и да вежбаат настап и презентирање пред класот, како и дебатирање на зададена тема. Активната партиципација на часовите ќе биде вреднувана од страна на наставникот при формирањето на финалната оцена за предметот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 150 | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 67,5 часа теоретски предавања, 82,5 часа домашно учење | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 4,5 часа неделно |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 82,5 часа вкупно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | Завршен испит 80% од оценка |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 10% од оценка |
| | 17.3. | Активност и учество | 10% од оценка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Присуство на најмалку 51% од наставата | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | македонски | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Светомир Шкариќ и Ѓорѓе Иванов | Политички теории - Антика | Култура | 2006 |
| | | 2. | Светомир Шкариќ и Ѓорѓе Иванов | Политички теории – Среден Век | Култура | 2012 |
| | | 3. | Жан Тушар | Историја на политичките идеи – Том 2 | Арс Ламина | 2011 |
| | | 4. | Михајло Ѓуриќ | Историја на политичките теории | Необјавена скрипта, превод на македонски јазик | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Конфучие | Аналекти | Ѓурѓа | 2016 |
| | | 2. | Платон | Политеја | Три | 2002 |
| | | 3. | Аристотел | Политика | Слов | 2002 |
| | | 4. | Аврелиј Августин | За државата божја | Култура | 1997 |
| | | 5. | Николо Макијавели | Владетелот | Култура | 1994 |
| | | 6. | Томас Хобс | Левијатан | Аз-Буки | 2010 |
| | | 7. | Џон Лок | Две расправи за владата | Аз-Буки | 2006 |
| | | 8. | Жан Жак Русо | Општествениот договор | Култура | 1981 |
| | | 9. | Карл Маркс и Фридрих Енгелс | Манифестот на комунистичката партија | Култура | 1978 |